# Графики Чии? На студентите

***Во средата, 15 март, во просториите на Сули Ан (еден од трите објекти каде што е сместен ФЛУ) се одржа традиционалната графичка изложба.***

Изложбата ја организира Факултетот за ликовна уметност во чест на починатиот уметник - графичар и сликар - и професор на ФЛУ - Драгутин Аврамовски-Гуте. Право на учество имаат сите графичари од прва до четврта година - редовни студенти.



Наградата „Драгутин Аврамовски-Гуте", која ја доделува истоимената фондација, годинава му припадна на Александар Димески-Алек, студент на трета година, во конкуренција на уште тројца негови колеги, чии графики висеа една до друга на ист ѕид. Оваа награда се состои од едногодишна стипендија и откуп на наградeното дело.

Графиката на Алек навистина се разликуваше од другите, и тоа како според содржината и темата, така и според изработката. Повеќето студенти ги обработуваат геометриската и експресионистичката апстракција, целосно исполнувајќи го листот со форми, детали и цртеж. Алек ја искористува празнината и во крупен план ги претставува фигурата и нејзиниот отисок, поставени од двете страни на затворената врата.

Разгледувајќи ја изложбата како целина, се забележува:

- ПРВА година се претставува со техниката линорез, која, според програмата, ја изучуваат и ја работат како една од наједноставните и меѓу првите графички техники (истото се однесува и на дрворезот). Тие акцентот го ставиле врз портретот и врз репродукција на некои познати теми.

- ВТОРА година овој пат дала напор и се претставува со техниката акватинта, која, според програмата, би требало да почнат да ја изучуваат овој семестар, и нешто со сува игла и бакропис. Браво за нив!

- ТРЕТА година најмногу се потрудиле и се препотиле при изработката на графиките, зашто наградата се доделува само на студент од нивните редови. Се познава ослободување во смисла на комбинирање на техниките; акватинта, бакропис и сува игла.

- ЧЕТВРТА година технички би требало да се најсовршени, а и поискусни. Ним сега им останува да се обидат да се пронајдат како идни автори, да ги постават основите на своето идно творештво.

Нада ПЕШЕВА